**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 јануари 2023 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: декември 2022 година

- Во декември 2022 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, се зголеми за 2,8% на месечна основа, во поголем дел поради растот на депозитните пари и готовите пари во оптек, при дополнителен позитивен придонес и на краткорочните депозити. Анализирано на годишна основа, паричната маса бележи раст од 5,3%, главно како резултат на повисоките краткорочни депозити и депозитните пари, а во помала мера и на готовите пари во оптек, во услови на остварен пад на долгорочните депозити до две години.

- **Вкупните депозити[3]**, во декември, бележат месечен и годишен раст од 2,6% и 4,9%, соодветно, во услови на зголемување на депозитите кај двата сектора.

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор[6]

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2021 | 11.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 |
| **Парична маса М4** | **521,005** | **531,157** | **547,353** | **7.0** | **2.8** | **1.4** | **2.9** | **5.1** | **2.6** | **-1.7** | **0.5** | **0.8** | **3.0** |
| **Парична маса М3** | **474,753** | **486,326** | **499,800** | **8.8** | **4.0** | **2.3** | **3.7** | **5.3** | **2.9** | **-1.8** | **0.7** | **0.9** | **2.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| *Готови пари во оптек* | 44,480 | 43,329 | 47,490 | 1.8 | -1.4 | 0.0 | -0.7 | 6.8 | 3.9 | -1.3 | 1.3 | -0.3 | 9.6 |
| *Депозитни пари* | 177,716 | 180,709 | 188,038 | 10.5 | 0.8 | -0.5 | 3.1 | 5.8 | 3.9 | -4.4 | 1.0 | 2.4 | 4.1 |
| *Краткорочни депозити* | 200,811 | 212,514 | 214,490 | 12.2 | 11.8 | 10.3 | 8.9 | 6.8 | 2.7 | 0.8 | 0.4 | -0.3 | 0.9 |
| *Долгорочни депозити до две години* | 51,746 | 49,775 | 49,782 | -1.9 | -8.5 | -14.8 | -9.3 | -3.8 | -0.9 | -3.6 | -0.2 | 1.9 | 0.0 |
| **Вкупни депозити** | **468,649** | **479,109** | **491,539** | **7.8** | **3.5** | **1.8** | **3.4** | **4.9** | **2.7** | **-1.7** | **0.4** | **0.9** | **2.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 137,557 | 138,036 | 142,629 | 11.6 | 3.9 | -4.8 | 0.4 | 3.7 | 3.9 | -2.4 | -0.2 | 1.5 | 3.3 |
| *Во денари* | 92,116 | 93,477 | 94,397 | 6.7 | -2.7 | -7.3 | 2.6 | 2.5 | 2.8 | -4.2 | 0.9 | 3.1 | 1.0 |
| *Во странска валута* | 45,441 | 44,559 | 48,232 | 23.2 | 19.4 | 0.8 | -4.2 | 6.1 | 6.3 | 1.1 | -2.5 | -1.7 | 8.2 |
| Домаќинства | 305,407 | 314,558 | 323,084 | 7.1 | 3.9 | 5.2 | 5.3 | 5.8 | 2.2 | -1.8 | 1.0 | 1.1 | 2.7 |
| *Во денари* | 151,822 | 146,105 | 155,215 | 0.5 | -7.1 | -6.2 | -5.8 | 2.2 | 2.5 | -4.8 | 0.3 | 1.4 | 6.2 |
| *Во странска валута* | 153,585 | 168,453 | 167,869 | 14.4 | 16.1 | 17.8 | 17.1 | 9.3 | 1.9 | 1.1 | 1.7 | 0.8 | -0.3 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

- Овој месец, **вкупните кредити**[4], остварија раст од 1,4% на месечно ниво, којшто во најголем дел произлегува од зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор, при позитивно влијание и на секторот „домаќинства". Годишниот раст од 9,4% се должи на повисокото кредитирање на двата сектора, коешто е поизразено кај корпоративниот сектор.

Табела 2. Вкупни кредити[5,6] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2021 | 11.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 |
| **Вкупни кредити** | **386,884** | **417,121** | **423,114** | **8.3** | **9.8** | **10.0** | **9.9** | **9.4** | **1.7** | **1.7** | **1.0** | **0.9** | **1.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 184,675 | 200,679 | 205,974 | 8.7 | 11.9 | 12.4 | 12.6 | 11.5 | 3.1 | 2.4 | 1.1 | 1.1 | 2.6 |
| *Во денари* | 114,622 | 118,264 | 122,376 | 11.6 | 14.3 | 11.9 | 9.3 | 6.8 | 3.6 | 1.8 | -0.2 | 0.9 | 3.5 |
| *Во странска валута* | 70,053 | 82,415 | 83,598 | 4.3 | 8.3 | 13.3 | 17.6 | 19.3 | 2.5 | 3.3 | 3.3 | 1.5 | 1.4 |
| Домаќинства | 200,249 | 214,265 | 214,965 | 7.8 | 7.9 | 7.7 | 7.6 | 7.3 | 0.4 | 1.1 | 1.0 | 0.7 | 0.3 |
| *Во денари* | 113,317 | 119,461 | 119,178 | 7.9 | 7.8 | 7.7 | 6.8 | 5.2 | 0.3 | 1.1 | 0.8 | 0.4 | -0.2 |
| *Во странска валута* | 86,932 | 94,804 | 95,786 | 7.6 | 8.0 | 7.6 | 8.5 | 10.2 | 0.7 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

[4] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година од билансна во вонбилансна евиденција. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1 јули 2019 година, со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.
[5] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 година па наваму се под влијание на мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.
[6] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

– Во декември, вкупните **депозити на корпоративниот сектор,** се зголемија за 3,3% споредено на месечно ниво. Најголем придонес кон месечниот раст имаат зголемените краткорочни депозити во странска валута, а во позитивна насока влијаат и депозитните пари, како и останатите компоненти. Во споредба со декември претходната година, депозитите на корпоративниот сектор се повисоки за 3,7%, главно поради зголемените краткорочни депозити во странска валута и во денари, при дополнителен позитивен придонес и на депозитните пари, а во услови на забележан пад на долгорочните депозити во странска валута и во денари.

– **Кредитите на корпоративниот сектор[8],** во декември, забележаа месечно зголемување од 2,6%, како резултат на растот на кредитите во денари и во странска валута, со поголем придонес на денарските кредити. Годишниот раст изнесува 11,5% и произлегува од повисокото кредитирање во денари и во странска валута, коешто е поизразено кај кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.
[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

– Во декември, кај **депозитите на домаќинствата**, е остварен раст од 2,7% на месечна основа. Нагорната промена во најголем дел е одраз на зголемените депозитни пари, при дополнителен позитивен придонес и на долгорочните депозити во денари и во странска валута, а во помала мера и на краткорочните депозити во денари. Овој месец, краткорочните депозити во странска валута бележат месечно намалување. На годишно ниво, депозитите на домаќинствата се повисоки за 5,8%, во поголем дел како резултат на растот на краткорочните депозити во странска валута и депозитните пари, а во помал дел и на долгорочните депозити во странска валута. Пад на годишна основа е забележан кај краткорочните и долгорочните депозити во денари.

– **Кредитите на домаќинствата**, во декември, бележат месечен раст од 0,3% којшто во целост се должи на зголеменото кредитирање во странска валута. Во споредба со декември минатата година, зголемувањето на кредитите на домаќинствата од 7,3% е резултат на растот на кредитите во денари и во странска валута, со поизразен придонес на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2021 | 11.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 12.2021 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 |
| Потрошувачки кредити | 105,797 | 111,767 | 112,504 | 7.2 | 7.0 | 6.7 | 6.7 | 6.3 | 0.9 | 1.0 | 1.1 | 0.8 | 0.7 |
| Станбени кредити | 67,353 | 75,021 | 75,905 | 15.5 | 15.8 | 14.9 | 12.9 | 12.7 | 1.4 | 1.5 | 1.1 | 0.9 | 1.2 |
| Автомобилски кредити | 328 | 359 | 358 | -0.1 | -0.6 | 6.2 | 0.8 | 9.1 | -0.2 | 1.2 | -0.9 | -0.5 | -0.2 |
| Кредитни картички | 10,253 | 10,421 | 10,324 | -8.5 | -4.1 | -2.1 | -0.1 | 0.7 | -0.8 | 0.7 | 0.7 | -0.1 | -0.9 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,907 | 6,642 | 5,963 | 1.5 | 0.7 | 1.5 | 0.0 | 1.0 | -9.6 | 1.1 | 0.6 | -2.0 | -10.2 |
| Други кредити | 2,611 | 2,222 | 2,207 | -32.5 | -32.9 | -35.8 | -17.1 | -15.5 | -2.6 | -2.3 | -1.4 | -1.2 | -0.7 |

Извор: НБРСМ.

– Во декември, според намената на кредитите одобрени на физичките лица, најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити**, бележат месечен раст од 0,7% и 1,2%, соодветно, при годишен раст од 6,3% и 12,7%, соодветно. **Автомобилските кредити** се намалија за 0,2% на месечно ниво, додека на годишно ниво се зголемени за 9,1%. Кредитите одобрени на **кредитни картички,** оствarија месечен пад од 0,9%, а се зголемени за 0,7% на годишна основа. Овој месец, месечниот пад на **негативните салда на тековните сметки** изнесува 10,2%, при остварен годишен раст од 1,0%, додека кредитите одобрени врз **други основи** се намалени за 0,7% и 15,5% на месечно и на годишно ниво, соодветно.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 февруари 2023 година (референтен пресек заклучно со јануари 2023).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3108 430 или 02/3215-235 лок. 108/110.